*Мирко ПАВЛОВСКИ*

# ПРИЧИНИ ЗА НЕДОВОЛНАТА КУЛТУРА НА ПИСМЕНИОТ ГОВОР КАЈ УЧЕНИЦИТЕ ОД ГИМНАЗИИТЕ

По детално извршената анализа на матурските писмени задачи од сите гимназии во Републиката (1967/68 и 1968/69) од повеќе аспекти (содржина, јазик, стил, реченична конструкција, композиција, граматика, правопис, интерпункција), се добива впечаток дека сепак може да се констатира извесен напредок во споредба со културата на писмениот говор на претходните генерации, но тој, општо земено, сè уште е мининален и одвај уочлив. Со една ваква констатација би биле, можеби, и повеќе задоволни, ако напредокот би бил очигледен во изразот, во реченичната конструкција и во јазично-граматичките правила. Подобрувањето, меѓутоа, се однесува првенствено на јазикот и лексиката, кои сè повеќе се ослободуваат од варваризми, потоа на сè поправилната употреба на постпозитивниот член, како и на осетно поголемиот квантум на ученичките знаења. Но тие знаења сè уште се прилично сурови, некултивирани, кои допрва бараат ,,шлиф", дотерување, оплеменување.

Причините на овој мошне сложен и длабок проблем се многубројни и разновидни. Со овој проблем, всушност, како перманентно акутен од ослободувањето до денес, и тоа не само кај нас, во југословенски размери, туку и во некои земји со понапредно школство, се занимавале многумина и ги испитувале причините на слабата писменост. Во своите испитувања тие повеќе се задржувале на апстрактно-теоретската страна на наставата, отколку на конкретно-практичната.

Причините на овој проблем треба да се бараат не само во гимназиите туку и во нижите и вишите одделенија на основното училиште, зашто корените на слабата писменост се наоѓаат во работата на учителите уште во самиот почеток на учењето. Меѓутоа, кога се зборува за културата на писмениот говор на учениците од гимназиите, се губи од предвид фактот дека основата за правилно, содржајно и јасно усно искажување и убаво писмено изразување на учениците се поставува уште во нижите одделенија на основното училиште кога голем број деца стапуваат во училиште со бујна фантазија, со веќе развиена спо-

собност за набљудување и раскажување што може да послужи и да се искористи како основа за развивање на јазичната култура во иднина.

Со умешно и доследно користење на усните вежби, еден методско-педагошки добро подготвен учител уште во овој стадиум на учењето започнува да ја негува културата на усното изразување и правилно да го канализира нејзиното развивање.

Во ваков случај усните говорни вежби, комбинирани подоцна и со писмените, го заземаат во наставата по мајчин јазик она место што им одговара и придонесуваат, навистина, многу за развивање и постапно неосетно усовршување на усното и писменото изразување, со што сѐ повеќе се зголемува јазичната култура воопшто.

Токму затоа со обидот за посредување во ублажувањето и решавањето на овој проблем треба да се отпочне едновремено на поширок фронт, ако сакаме да се надеваме на успешен исход во оваа непожелна ситуација.

Причините за слабота писменост на учениците, главно, би можеле да се поделат во четири групи: 1) односот на наставникот по јазик и литература спрема наставата по својот предмет, 2) наставните програми, учебниците, учебните помагала и практикумите, 3) материјалната база на нашите школи, нивната неопременост и неподготвеноста да ги примат учениците и да им дадат сѐ што е потребно за правилен и сестран развиток, 4) недоволната ангажираност на учениците, 5) недостигот на современо изведување на наставата.

## 1) Односот на наставникот по мајчин јазик и литература спрема наставата

Иако причините за недоволната култура на писмениот говор се многубројни и разновидни, сепак мислам дека една од најголемите и најважните може и треба да се бара во односот на наставникот спрема предметот и во неговата недоволна подготвеност да одговори успешно на својот благороден и ретко одговорен позив.

Недоволната писменост што ја покажува завршниот испит на овие две генерации укажува на фактот дека работата врз развивањето на културата на усниот и писмениот говор не се одвивала плански и системно во текот на школувањето воопшто. Така, на пример, од извршената проверка на дневниците во некои гимназии се гледа дека усните и писмените вежби, како форма на работа предвидена со наставната програма, воопшто не се застапени. Тоа значи дека е запоставен еден дел од наставната програма, многу важен за постапно и успешно развивање на јазичната култура на учениците. До колку во некои школи и се применува овој вид на работа, поголем дел од наставниците обично лесно минуваат преку овие вежби и најчесто не се подготвуваат за нив, затоа, како необмислени доволно, импровизирани на

брзина, а со тоа и неинтересни, тие стануваат монотони, здодевни, па, се разбира, не можат да разбудат никаков интерес кај учениците и фактички не придонесуваат за она што им е цел.

На тој начин, за жал, се минува преку еден непобитен факт дека писмените вежби, кои треба да уследат по усните, а да претходат на писмените задачи, претставуваат една тесно поврзана, целосна работа по својата тематика и по формата на изведувањето, која служи првенствено во процесот на развивањето солидна култура на усниот и писмениот говор, а не да го олеснат оценувањето на учениците, ако тоа не е извршено навреме и според барањата на современата методика.

Површно минување преку улогата и значењето на оваа наставна форма значи, всушност, запоставање на две компоненти од основната образовно-воспитна цел што ја има наставата по мајчин јазик и литература, во која, без сомневање, централно место зазема тенденцијата за совладување на граматиката и јазичната стилистика уште во текот на школувањето.

Што се однесува до писмените работи како задолжителна наставна форма, може да се констатира дека и тие ретко се изведуваат така како што наложува методиката по мајчин јазик и литература, макар што и овој вид на работа се вбројува меѓу оние форми коишто одигруваат многу важна улога во формирањето и усовршувањето на усниот и писмениот говор на учениците.

Часовите наменети на развивањето на писмената култура воопшто, доколку остануваат во рамките на она што им е основна цел, би требало да будат голем, жив и општ интерес кај учениците, да внесуваат секогаш осетно оживување во наставниот процес, кое би ги терало учениците на масовно учество во дискусијата по оној материјал што би требало потоа да се исползува за писмена работа.

За да се постигне успех во оваа работа, неизбежно е исполнувањето на некои услови, како на пример, наставникот мора однапред да се ангажира во изборот на темата за писмената работа, да ја определи нејзината воспитно-образовна цел, да фиксира час за подготвување на темата и потоа да пристапи кон писмената работа.

Праксата покажува дека изборот на темата има пресудно значење за квалитетот на писмената работа. Една јасна тема што може да даде доволно познат материјал, со кој ученикот владее добро и сигурно, ветува, без сомневање, успех во разработувањето на темата.

Разновидноста на темите го зголемува интересот на учениците, но, се разбира под услов, тие да се движат во сферата на нивното најживо интересирање: животот, општествено-политичките настани, литературата, прашања од естетска, правна и морална природа. Низ такви теми учениците ги изнесуваат своите разбирања, мисли, чувства, стремежи, својата индивидуалност или, поточно речено, себеси.

Наставникот ако сака да не дојде до непријатни изненадувања, треба да ги одбегнува темите што се некогаш како ребуси и не можат да се решат, а камоли да го поставaт ученикот во ситуација за позадлабочено и сестрано навлегување во проблемот.

За да може писмената работа исцело да се исползува како наставна форма во процесот на развивањето на писмената култура, неоспорно дека големо внимание заслужува и поправката на писмената работа. Внимателно и солидно поправена писмена работа од наставникот дома треба да мине и низ рацете на ученикот на час определен за поправка, за да му ги открие слабостите и пропустите што веќе не треба да се повторат, како и да му укаже на некое подобрување и на успехот констатиран во работата, што треба и да го поттикне ученикот кон поголема активност во иднина.

Со ваков однос кон една форма на работа, ако е тој перманентен, успехот е неминовен, не изостанува.

Големиот број елементарни јазични и правописни грешки во писмените задачи на завршниот испит, дури и во оние кои се оценети со одлична и многу добра оценка, зборува за слабата и неефикасно организираната настава по граматика и во основното училиште и во гимназиите. Пропуштеното по однос на усвојувањето на основните граматички норми тешко се пополнува во гимназиите, каде што се предвидува по наставната програма не елементарна туку стилистичка граматика.

За жал, од увидот во работата на некои гимназии треба да се истакне дека ни едното, ни другото не нашло место во наставата по мајчин јазик и литература. Инаку како би можел да се објасни фактот, еден матурант, кој релативно добро пишува, да прави основни стилистички грешки од морфолошки или синтаксички карактер. Пропуштеното увежбување на партиите од граматика преку писмени вежби, школски и домашни, претставува голем минус за успешно реализирање на ова наставно јазично подрачје.

## 2) Наставните програми, учебниците и учебните помагала

Извесен дел од вината за недоволната култура на писмениот говор паѓа и врз наставните планови и програми по мајчин јазик и литература. Ако се разгледаат добро наставните програми, ќе се види како типична појава дека никаде не е прецизирано колку часови да се земат за писмени, а колку за усни вежби. На овој факт мора да се обрне поголемо внимание и да се определат што повеќе часови, бидејќи процесот на писменото изразување се развива многу побавно и потешко од секоја друга наставна форма. Со прекинување и намалување на вежбите, многу од порано здобиените знаења, со текот на времето, се заборавaaт.

Во наставната гимназиска програма по литература и јазик има извесни укажувања и упатства како да се изведува усното и писменото изразување. Се определува, макар и не многу прецизно, тематиката и на едното и на другото. Но треба да се истакне и тоа дека во неа не се конкретизирани наполно задачите и формите на работа врз негувањето на културата на усниот и писмениот говор, иако се стремело, во однос на определувањето на тематиката, да се запази принципот на постапност и системност.

Еве како е тоа формулирано во програмата по класови:

I кл., теми за говорни вежби: Изразно читање и рецитирање, одгледување правилна дикција, логичка и емотивна изразност при читањето и рецитирањето, развивање смисла и навики за свесно користење на лектирата; избор, водење дневник за прочитано и забележување кратки содржини, нови зборови и фигуративни изрази; апстрактни и конкретни зборови, синоними и омоними, основно и преносно значење, значења на зборовите во контекст и во интонација.

Воведување на учениците во изработка на писмени состави: избор на теми, одбирање и сведување на материјал, форма на обработката, композицијата.

Тематиката на писмените состави да се земе од областа на набљудувањето и доживувањето, во врска со материјалот по литература, природните науки и други наставни дисциплини, по можност со прошетки и екскурзии. Како теми да се користат и посети на театарски и филмски претстави, музеи и културни споменици, а во форма на опис, впечаток, пејсаж, портрети, прикази и известувања.

Во II и III кл. за усни и писмени вежби се зборува многу малку, а во IV кл. не е дадено ништо ново, туку се повторува кажаното од претходните класови.

Освен тоа што не се конкретизирани задачите и формите на работа врз развивањето на јазичната усна и писмена култура, во програмата не се определуваат методите и потфатите во учебната работа. Ова не може да се смета како голем недостиг, зашто задачата на програмата е да определува што ќе се предава, а не како ќе се предава. Меѓутоа, мислам дека во оваа наша ситуација тоа сепак би им помогнало повеќе на наставниците.

Впрочем, ова го сметам за нужно, бидејќи до денес сè уште нема изработени методски упатства за усни, писмени вежби и писмени работи.

Методско-педагошката и стручната недоволна подготвеност на наставниците претставуваат, исто така, една од најважните причини за слабата култура на писмениот говор на учениците. За ова голем

дел од вината ја носат наставничките школи, кои не ги подготвуваат доволно студентите за практична работа, како и срединиите во кои доаѓаат да работат.

### 3) Материјална база на школите

Материјалната база врз која се засновуваат нашите школи е недоволна, може да се рече и сосема слаба. Недоволниот школски простор, работата по школите во смени, големиот број ученици по паралелки (некаде и по 40, што е сосема спротивно на сите дидактички принципи и прописи) ја отежнуваат наставата по сите предмети, а најмногу по предметот мајчин јазик и литература, кој по својата воспитна и образована функција стои пред сите други школски дисциплини што се изучуваат во гимназијата.

Големиот број ученици во паралелките е мошне важен фактор што се јавува како причина за слабата писмена култура на учениците. Правилна и систематска работа врз развивањето на јазичната култура, усна и писмена, не може ни да се замисли, ако во паралелката има повеќе од 35 ученици. Искуството покажува дека помали паралелки секогаш даваат подобри резултати, а поголеми — послаби. Во сите оние паралелки во кои е надминат нормалниот број ученици, тешко може да се работи индивидуално врз развивањето на усниот и писмениот израз. Систематските вежби, усни и писмени, и нивното правилно методско изведување во такви ситуации стануваат беспредметни.

Сериозна пречка во исполнувањето на воспитно-образовната задача во врска со одгледувањето на јазичната култура претставува и слабата опременост на училишните библиотеки со дела предвидени според наставната програма било за анализа на час или како лектира. Училишните библиотеки не си го нашле местото и не ја играат онаа улога што им е наменета. Тие секогаш треба да им помагаат особено на оние ученици кои немаат можност сами да купуваат книги. Недоволната опременост на библиотеките и слабото читање од страна на учениците наполно ја руши основната концепција на програмата по мајчин јазик и литература, според која литературата, како училишна дисциплина во гимназиите треба да се изучува како уметност врз база на читање и анализа на уметнички творби, а не како литературна историја.

### 4) Недоволна ангажираност на учениците

Пасивниот став на учениците кон книгата и насила натуреното читање, што се јавуваат како пречка за реализирање на наставната програма, се резултат на немање љубов и интерес кон литературата, а многу често и на незнаење како да се чита. Се чита на брзина, колку да се прочита, без темелно запознавање со вредноста на содржината, со убавиот стил и јазик. Прочитаното не се користи како база за дискусија со други луѓе, за развивање мисли, за барање она што е во творбата најубаво, највредно, највозвишено, најблагородно.

Понекогаш, сосема оправдано, учениците не читаат не затоа што не сакаат, туку навистина затоа што не можат да дојдат до бараната книга.

Изучувањето на литературата како уметност, преку доживување, може да биде успешно само ако се читаат творбите предвидени според наставната програма. Во секој друг случај наставата се превртува во обичен вербализам, само се зборува и се сведува на општи констатации.

Книгата отсекогаш играла, игра и ќе игра голема и важна улога во животот на луѓето и општеството. Посебно таа игра важна улога во процесот на образованието и воспитанието на училишната младина, па затоа треба во тој однос да се угледаме на оние земји и народи кои ја направиле достапна на широките маси и на училишната младина.

Само така литературата во гимназиите може да се изучува како уметност.

Во врска со овој проблем стои и проблемот за квалитетни учебници, учебни помагала, прирачници и практикуми за вежби — јазично-правописни и стилски. Увежбувањето на јазично-стилскиот материјал би ги отстранило сите оние јазични, граматички и правописни грешки често присутни во писмените задачи.

Размислувајќи објективно за ситуацијата во која се наоѓа наставата по писменост во нашите гимназии, можеме со право да речеме дека практично писменост на нужна висина во нашите школи и не постои, зашто наставата по писменост не се изведува плански и системно.

Наставата по мајчин јазик и литература во поголем број гимнази сè уште се изведува како и порано. Најновите технички средства, како филмувани биографии, дијафилм, кинопроектор, епископ и дијаскоп, кои ја олеснуваат, оживуваат наставата и им овозможуваат на учениците нагледно да се запознаваат со оној материјал што го изучуваат, не се користат во доволна мера.

На крајот да го додадам и ова: голем дел од вината за слабата јазична култура ја носат и наставниците по другите предмети, кои се обврзани со закон, како и наставниците по мајчин јазик и литература, да зборуваат литературно и да бараат од учениците своите мисли да ги искажуваат на убав литературен јазик. Ако и понатаму се остави овој проблем да го решаваат само наставниците по мајчин јазик и литература, без помош од другите наставници, тој никогаш не може успешно да се реши.

Со енергични мерки, со здружени напори и голема трпеливост, со истрајност, проблемот во врска со слабата писменост може да се ублажи, а со текот на времето и успешно да се реши.

## МЕРКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА КУЛТУРАТА НА ПИСМЕНИОТ ГОВОР

Што е потребно да се преземе за успешно развивање на културата на писмениот говор:

1. Културата на писмениот говор да биде примарен проблем во наставата по мајчин јазик и литература. Вниманието на наставниците по мајчин јазик секогаш да биде свртено коо овој проблем и да се настојува што повеќе и што посистематски заедно да се работи врз него.

2. Снабдувањето на училишните библиотеки со книги да биде заедничка грижа на целиот наставнички колектив. Во нижите и вишите одделенија на основното училиште да се обрне внимание на погодноста на книгата за користење за усна и писмена вежба. Содржината на книгите наменети на учениците, особено од нижите одделенија, треба да биде погодна за диктати, интересна за прераскажување, како и за попрости анализи.

3. Грижата за културата на јазикот во сите школи општо треба да биде заедничка на сите наставници. Секој наставник преку својот предмет предава не само знаење, туку преку него го развива и говорниот јазик на учениците. Ако се здружат сите заедно, ќе постигнат подобри резултати не само во наставата по мајчин јазик, туку и по сите други предмети.

4. Учениците треба да се богатат со вистински и солидни знаења. Преку знаењето се развиваат мисли, кои треба да се искажуваат правилно усно и писмено.

5. Интелектуалниот и емотивниот живот учениците го збогатуваат не само преку читање, туку и преку внимателно набљудување на животот, луѓето, општеството и настаните, природата и појавите во неа. Исто така тие треба внимателно да слушаат сè што зборуваат други, но да мислат и заклучуваат сами.

6. Должност е на наставниците да ги научат учениците што треба да читаат и како да читаат. Читањето треба да биде со разбирање и солидно.

За учениците од гимназиите не е доволно да ја сфатат само содржината на творбата, туку пожелно е длабоко да вникнат во неа, за да можат да го разберат проблемот што го поставил авторот и неговиот став кон него. Дури и ова не би било доволно, ако ученикот не може преку читањето да ги увиди, разбере и почувствува уметничките квалитети на творбата преку начинот на изложувањето на материјата, јазикот и изразните средства. Секое друго читање неорганизирано,

без доволно концентрација на вниманието врз содржината, не ги дава очекуваните резултати. Затоа често се случува некои ученици да читаат многу, а да не покажуваат резултати адекватни на нивните усилби. Брзото, лошото читање, место вистински знаења дава вербални книшки знаења.

Ученикот ќе стане сестрано изградена личност и наоружена со многу знаења, ако уште од првите денови на учењето енергично се дејствува врз развивањето и изострувањето на неговата опсервација. Тој треба да се поттикнува, уште во почетокот, будно да набљудува со своите сетила сè околу себе, да го забележува она што е битно, да ги уочува сличностите и разликите и да ги открива врските и односите во животот и во општеството воопшто.

7. Битен услов за солидна култура на еден писмен човек, покрај читањето и опсерваторската моќ, знаењата што се добиваат преку учењето и развивањето на логичкото мислење — е и усното изразување. Оној што се изразува јасно усно, убаво и пишува.

Стабилни појдовни точки за солидна писменост се: богат устен речник, зборовна адекватност на поимите, чистота на говорот, целосна, јасна и убава реченица, смислено усно изложување и прераскажување. На ученикот не ќе му биде тешко својата мисла да ја облече во зборови, да ја изрази писмено и со знаци на интерпункцијата, ако е научен да го набљудува говорот на другите, да ги анализира своите зборови и да го уочува значењето и местото на зборовите во реченицата.

Овој проблем, не помалку важен од проблемот на културата на писмениот говор, се наоѓа, исто така, во независна положба, ако се појде од важноста што ја има како подлога за писменото изразување. Од овие причини треба да се обрне големо внимание и на културата на усниот говор кај учениците од сите видови училишта од прв и втор степен. Од правилното решавање на овој проблем зависи како ќе се реши проблемот на културата на писмениот говор.

8. Познавањето и применувањето на принципите, дидактички и методски, во развивањето на културата на јазикот игра важна улога. Постапноста, систематичноста, истрајноста и трпеливоста се услови што се применуваат во сите постапки при развивањето на писменоста. При реализирањето на партијата од наставната програма која се однесува на културата на писмениот и усниот говор, се почнува секогаш со малку и скромно и се напредува сосема бавно. Треба да се има предвид дека развивањето културата на говорот претставува најдолг и најсложен педагошко-образовен процес, па затоа треба да му се обрне најголемо внимание.

9. Развивањето на културата на писмениот говор кај учениците треба да се врши плански и системно од почетокот на школувањето до завршувањето. Се почнува во основното училиште со препишување,

диктирање и прераскажување. Овие форми на работа треба постојано да се увежбуваат сè додека не се усвојат од учениците. Посебно внимание, во секој случај, да му се обрне на раскажувањето и на неговите разни видови.

Учениците уште во оваа возраст треба да се оспособуваат сами да расудуваат за прочитаното и виденото околу себе, да го издвојуваат главното од споредното, да го определат она што е битно и да ги издвојуваат оние поединости што го сочинуваат тежиштето во целината.

Следејќи го принципот на постапност, по кој се оди од полесно кон потешко, се преминува на описи, низ кои се следи учениковата способност за набљудување на поединости од визуелниот свет, како и неговото фиксирање со зборови. Набљудувањето на појавите во природата од учениците и нивното насочување од страна на наставникот во смисла што да гледаат, како да гледаат и на што да обрнат повеќе внимание, им помага на учениците да ја развиваат својата способност за забележување и својот стремеж со поадекватни зборови и изрази да се опише виденото, забележаното, сфатеното и почувствуваното.

Освен во обично прераскажување на прочитан текст, учениците треба да се увежбуваат и во прераскажување со изменување на факти, со скратување и проширување.

Во основното училиште како многу погодна лектира за усно и писмено изразување треба да се користат и народните умотворби. Народните епски песни можат, навистина, да им дадат на учениците богат, разновиден и интересен материјал. Преку нив учениците можат најлесно и најуспешно да го учат својот јазик. Со својата непосредност и конкретност народната литература може, освен тоа, да им даде и вистински солидни знаења.

Од друга страна, треба да се избегнува раскажувањето на лирската поезија, со што секогаш се паѓа во грешки. Лириката не е за раскажување. Таа бара доживување, одбрани зборови и, во многу случаи, апстракција. За успешна интерпретација на една лирска песна потребно е ученикот да има изградена изразна техника, да избира зборови и изрази со кои ќе ги интерпретира чувствата и мислите.

Исто така добро организирана настава по природните науки може да им даде на учениците, освен обемни знаења и можност за богатење на речникот, уште и смисла, усет за конкретен, сликовит, јасен и убав израз.

Во врска со вежбите треба да се воведат и систематски вежби за богатење на јазикот кај учениците. Тие се поврзуваат обично со предвидените текстови за читање и анализа. Се одбираат убави зборови и изрази што им паднале во очи на учениците, а на кои се должи пластичното прикажување на личностите и настаните во текстот. Потоа се поставува задача врз база на неколку убави зборови да се из-

најдат нови слични или спротивни по значењето (синоними, антоними) или придавки кои покажуваат боја, движење (дом, куќа, двор, вила, замок, палата, црн, бел, голем, мал, брз, бавен.)

Вежбите со изнаоѓање прилошки изрази во речениците се двојно корисни за учениците. Тие имаат и граматички и стилистички карактер (Борците ги поднесуваат маките . . . . и гинеа . . . за татковината).

Услов овие вежби да бидат успешни и секогаш сакани од учениците е да се изведуваат низ реално размислување и забележување.

Постојат и други видови вежби за богатење на јазичната култура на учениците. Такви се, на пример, вежбите со додавање атрибути на именките (небо . . . облачно, сино, намуртено, оловно, тешко), кои играат голема улога во сфаќањето и улогата на атрибутите — епитети.

Целта на ова увежбување не е само збогатување на речникот, туку и потреба учениците сами да почувствуваат дека тие зборови не се, всушност, никакви украсни средства, туку носат определено тематско определување, служат на замислата на авторот, создаваат слики и се јавуваат како органски елементи на творбата.

Исто така корисно може да им послужи на учениците како вежба редењето особини на предмети, суштества и појави, споредувани врз основа на нешто прочитано или доживеано.

Посложени усни и писмени вежби претставуваат различни впечатоци, доживувања, извештаи, потоа споредувања на два текста или две рецензии со иста тематика.

Свесни за важноста и тежината на овој дел од наставата, наставниците треба да се подготвуваат и да обмислуваат по темите за усни, писмени вежби и писмени работи.

Говорните, писмените вежби и писмените работи треба да се работат со подготовка. Во зависност од карактерот на темата, наставникот е должен да изврши подготовка, ако сака успех. За таа цел треба да се користи секоја можност и секоја форма на работа што ветува добри резултати: да се користат прошетки во природата, посети на фабрики, разни колективи, кина, театри, концерти, приредби и др. Сето тоа, се разбира, треба да се одвива не стихијно, туку по однапред определен план. Виденото, чуеното и доживеаното може да послужи како тема за усна, писмена вежба и писмена работа по претходно извршената проверка и подготовка од страна на наставникот. Практиката покажува дека најдобрите работи се секогаш резултат на темелна подготовка.

Темите, главно, треба да бидат разновидни и интересни, да израснуваат од животот на учениците и да се вклопуваат во општествениот живот воопшто. Тие треба да бидат правилно, јасно и убаво фор-

мулирани, бидејќи од формулацијата на темата зависи интересот на учениците и нивниот успех во работата.

10. Од извршениот преглед на писмените задачи како и од увидот што сум го добил од повеќе гимназии во Републиката, имам впечаток дека и односот на наставникот спрема писмените работи (домашни, школски) и лектирата би требало во многу нешто да се измени. Навременото и правилното прегледување на задачите ги поттикнува учениците да заземат посериозен став кон нив. Грешките треба секогаш да бидат внимателно исправени, а постигнатите успеси редовно истакнати, зашто учениците се учат и на грешки и на успех. Оценувањето обично се врши со бројки, без писмена констатација во која би биле опфатени сите елементи на задачата: содржината, стилот и јазикот. Текстуалното оценување треба да биде во извесна смисла рецензија, да оцени и да истакне што чини, а што не чини.

11. Исправката на писмените работи и вежби на час треба да се врши правилно. Наставникот треба да биде добро подготвен, зашто оваа форма на работа бара поголем труд и напор од секоја друга. Без солидно познавање на методиката на писмените задачи не може да стане ни збор за еден добро организиран час во врска со оваа работа. Место најнапред, врз основа на забелешките што ги направил дома при прегледувањето на писмените задачи, да го изнесе своето мислење воопшто за покажаните резултати во писмените задачи од целиот клас, да им укаже на учениците на постигањата и пропустите, а потоа да премине на дискусија за содржината на задачата, тој обично ги разделува тетратките во почетокот на часот и учениците вршат поправка на јазично-правописните грешки, додека она што е најважно во секоја писмена работа — изразот, се запоставува. Во таков случај слабите писмени работи остануваат пак слаби и содржински и стилски, колку и да се отстранети јазично-правописните грешки.

Најважна компомента во врска со писмените работи, честопати отсутна во нашата практика, а на која треба да падне акцентот, претставува дискусијата со учениците по зададената тема. Добро планирана дискусија им помага на учениците, особено на оние кои слабо ја разбрале и обработиле темата, да ја разберат и да почувствуваат во што направиле грешки. Во прилог на дискусијата како треба да се изработи задачата, се читаат две — три најдобри и се дискутира. Не се практикува читање на слаби работи, бидејќи се мисли дека само на убаво се учи убаво да се пишува. Понекогаш, меѓутоа, може да се прочита и писмена работа која не задоволува, но сепак покажува извесен напредок одбележан и со оценката. Ова се прави и од педагошки сообразувања, за да се подигне духот на ученикот и истовремено да се истакне пред учениците дека усилбите на ученикот почнале да даваат резултати.

Исправка на колективните јазично-правописни грешки се врши на табла.

Писмена поправка на задачите обично се прави на вториот час. Овој час е исто толку важен како и часот за подготовка и за обработка на темата. Наставникот е должен да обрне внимание посебно на секој ученик, особено на слабите и послабите ученици. Кој ученик ќе ја препише целосно задачата, кој ќе ја преработи, а кој ќе ги одбележи само грешките, одлучува наставникот.

Една добро водена евиденција за културата на писмениот говор како на целиот клас, така и на секој ученик поодделно, му помага на наставникот да го следи со успех овој процес, да има сосема јасна претстава како се одвива и да интервенира навреме таму каде што е потребно.

Писмените задачи, за жал, општо земено, се пишуваат без наставничка помош. Меѓутоа, пожелно е и потребно би било меѓу писмените работи да се воведат задолжително писмени вежби, и тоа со иста работна форма и слична тематика како и писмените задачи, зашто учениците треба да се вежбаат и увежбуваат обработувајќи разни теми со непосредна помош на наставникот, но без оценување. На тој начин учениците ќе се здобијат со слобода, поголемо умеење во пишувањето, а немирот и стравот така постепено ќе исчезнат.

Најпосле, треба да се одбележи уште една работа, многу важна во наставата по мајчин јазик и литература — односот и критериумот на наставниците при оценувањето на писмените задачи. Поправките, констатациите и оценките на писмените задачи јасно зборуваат за нееднаков однос и неуеднаечен критериум на наставниците од гимназиите во нашата Република. Некои наставници обрнуваат повеќе внимание на содржината, некои на содржината и стилот, а многу малку наставници на содржината, стилот и јазикот. Во констатациите се одбележуваат речиси секогаш овие три елементи, но од дадената оценка не може да се види дека навистина сите тие биле предмет на оценувањето. Особеностите на содржината, стилот и јазикот се одбележуваат со најопшти зборови: добар, јасен, правилен, разбран, убав, слаб итн., без подетално и поаргументирано навлегување во одделна компонента. Тоа доаѓа оттаму што сè уште нема изработен основен критериум за оценувањето на писмените задачи, особено на оние од завршниот испит.

Според мене, основниот критериум од кој треба да се раководат наставниците при оценувањето на писмените задачи на завршниот испит треба да биде овој:

1. Полна и длабока разработка на темата;
2. Правилна и осмислена анализа на фактите;
3. Умеење да се прават потребни заклучоци и воопштувања;
4. Последователно преминување од еден дел во друг, логичка врска меѓу нив;

5. Познавање на фактичкиот материјал и лексичката способност да се користат цитати;
6. Соодносот меѓу деловите на писмената работа;
7. Изразност и литературна правилност на јазикот;
8. Правилно користење на планот.

Последнава точка има посебно значење во секој поголем состав. Тој не го покажува само распоредот на расположивиот материјал, туку ја определува и идејната насоченост на задачата и е доказ за еден определен однос на авторот кон изложениот материјал.

12. Во културата на писмениот говор на учениците граматиката зазема посебно место и значење, затоа таа мора солидно да се изучува и свесно да се знае. Непознавањето на основните граматички норми ја намалува писменоста на учениците од последниот клас на гимназијата. Од писмените задачи на завршниот клас се гледа дека голем број добри ученици не ја познаваат граматиката. Од тоа произлегува дека изучувањето на граматиката, особено во однос на методот, треба да претрпи голема корекција. Системното изучување на граматиката и постојаното увежбување на изучениот материјал се основен услов солидно да се владее со неа. Токму поради ова на наставата по граматика треба да ѝ се даде посебно место во наставата по мајчин јазик и литература.

На овие мерки треба да се додаде уште една: Секој наставник по мајчин јазик и литература, како за своето лично усовршување, така и за доброто на учениците, треба критички да се осврнува кон својата работа. По секоја одржана наставна единица тој би требало да ја проанализира својата работа, да ги проучи пропустите и недостатоците што се јавиле во неа и да бара начин да ги отстрани.

Грижата за подобрување културата на писмениот говор да биде заедничка за сите наставници, без оглед кој предмет предаваат. Само така може да се дојде до подобри, позитивни резултати.

*Мирко ПАВЛОВСКИ*

**Р е з ю м е**

Причины недостаточной культуры письменной речи учеников гимназий многочисленны и разнообразны. Их следует искать не только в работе в гимназии, но и в учебном процессе младших и старших классов, где уже в самом начале обучения кроются причины слабой грамотности. Поэтому мероприятия по повышению культуры пись-

менной речи должны проводиться одновременно и в широком масштабе, поскольку мы хотим добиться успеха в этом плане.

Причины малограмотности надо искать преимущественно в отношении преподавателя родного языка и литературы к своей работе, в учебных программах, в учебниках и учебных пособиях, в материальной базе наших школ, в их недостаточной оборудованности и подготовленности для приёма учеников и предоставления им всего необходимого для их правильного и всестороннего развития, в недостаточно современном уровне проведения занятий и в недостаточной активности учеников.

Меры, которые необходимо провести для повышения культуры письменной речи, следующие:

Проблема культуры письменной речи должна стать первенственной в процессе обучения родному языку и литературе;

Ученические библиотеки должны быть снабжены книгами, подходящими для использования их на устных и письменных упражнениях, особенно в младших и старших классах начальных школ, а также и всеми произведениями, предусматриваемыми программой домашнего чтения;

Преподаватели должны научить учеников выбирать, что нужно читать и как читать.

Обогащение словаря следует рассматривать как основную задачу в процессе развития грамотности и в этих целях обратить максимум внимания на все те формы работы, которые облегчают и ускоряют этот процесс.

Ученики должны в течение обучения обогащаться прочными знаниями, поскольку нет грамотности без общей культуры;

Грамматика, занимающая особое место в развитии культуры письменной речи и учеников, должна изучаться систематически и добросовестно в продолжении всего времени обучения.

Одновременно нужно уделить большее внимание воспитанию культуры устной речи учеников всех видов школ первой и второй степени, так как от правильного решения этой проблемы зависит и то, как будет решена проблема культуры письменной речи;

При всём этом знание и применение дидактических принципов необходимо рассматривать как основное условие для достижения желаемых результатов в развитии культуры письменной речи.

И, наконец, забота о культуре языка должна ясно осознаваться всеми преподавателями и должна стать их общей обязанностью, невзирая на того, какой предмет каждый из них преподаёт.